Од 35 деца обврзници кои ги исполнуваат условите за упис во учебната 2018/19 година, беа запишани 25 деца, и тоа 21 во централното училиште во Росоман, 3 ученици во ПУ Сирково и 1 ученик во ПУ Трстеник. 13 ученици се иселени, на 1 ученичка и е одложен уписот за наредната учебна година, 2 ученици се запишани по одложување од минатата учебна година, и запишан е 1 ученик кој го нема на добиениот список.

### *4.2. Со читање до лидерство*

Проектот со читање до лидерство продолжи да се реализира и оваа учебна година. Наставниците од одделенска настава, кои членуваат во Заедницата за учење изготвија развојни портфолија, присуствуваа на менторски средби на кои се разменуваа мислења, искуства и знаења. Во рамки на проектот во ноември се одржа и мрежен настан на кој присуствуваа голем дел од наставниците. На крајот од месец мај, на наставниците им беа доделени и сертификати за повеќегодишното учество во проектот.

### *4.3. Заедничка грижа за правилен развој на учениците*

Од почетокот на учебната 2014/15 година, Министерството за образование и наука го воведе проектот Заедничка грижа за правилен развој, со кој се предвидени континуирани заеднички активности помеѓу учениците, наставниците и родителите. Во ООУ Пере Тошев Росоман се изведоа следните активности:

| | Датум | Активност | Одд. | Наставник | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 15.11.2017 | Родителот е наставник | IV б | Лидија Филипова | Во рамки на предметот Творештво–Ткаење на килимче |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 20.12.2017 | Изработка на новогодишни украси | IV б | Лидија Филипова | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 3 | 21.12.2017 | Изработка на новогодишни украси | II и IV ПУ Трстеник | Зорица Василева | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 4 | 21.12.2017 | Изработка на новогодишни украси | I, III и V ПУ Трстеник | Трајанка Ризова | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 5 | 22.12.2017 | Родителот е наставник | II ПУ Трстеник | Зорица Василева | Во рамки на предметот Природни науки – месење леб |
| 6 | 18.12.2017 | Родителот е наставник | IIа | Лидија Јовановска | Во рамки на предметот Природни науки – месење леб |
| 7 | 21.12.2017 | Изработка на новогодишни украси | IIа | Лидија Јовановска | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 8 | 10.11.2017 | Изработка на есенски декорации за училницата | Iа | Ленча Танчева | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 9 | 26.12.2017 | Родителот е наставник | Iа | Ленча Танчева | Во рамки на предметот Општество – Празници во домот – месење лепче со паричка |
| 10 | 27.11.2017 | Новогодишна приредба | Iа | Ленча Танчева | Новогодишна приредба – учество на родители |
| 11 | 10.11.2017 | Изработка на есенски декорации за училницата | Iб | Виолета Младеновиќ | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 12 | 28.12.2017 | Изработка на новогодишни украси | I, III и V ПУ Дебриште | Даниела Ѓорѓиова | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 13 | 29.12.2017 | Новогодишна приредба | ПУ Сирково | Сите одделенски и предметни наставници | / |
| 14 | 14.11.2017 | Отворена родителска средба | ПУ Сирково | Сите одделенски и предметни наставници | / |
| 15 | 29.12.2017 | Новогодишна приредба | ПУ Манастирец | Гордана Димитриева Драгана Темова | / |
| 16 | 26.12.2017 | Изработка на новогодишни украси | I, III и V ПУ Манастирец | Гордана Димитриева | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 17 | 26.12.2017 | Изработка на новогодишни украси | II и IV ПУ Манастирец | Драгана Темова | Во рамки на предметот Ликовно образование |
| 18 | 21.12.2017 | Родителот е наставник | IIб | Жаклина Василевска - Ѓорѓиева | Во рамки на предметот Природни науки – месење леб |
| 19 | 22.12.2017 | Одиме во кино | IIб | Жаклина Василевска - Ѓорѓиева | Во рамки на предметот Македонски јазик |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | 04.12.2017 | Вклучување на родители во жири-комисија за оценување на натпревар | VI-IX | Данча Давчева Мирјана Јошева | Натпревар во рецитирање |
| 21 | 14.11.2017 | Отворена родителска средба | VI-IX | Сите предметни наставници | / |
| 22 | 06.12.2017 | Посета на хуманитарен фестивал „Ластарчиња“ | VI-IX | Сите предметни наставници | / |
| 23 | 17.11.2017 | Посета на детски фестивал „Златно славејче“ | I-V | Сите одделенски наставници | / |
| 24 | 03.04.2018 | Велигденска работилница – изработка на велигденски декорации со родители | I-V | Сите одделенски наставници | / |
| 25 | 03.04.2018 | Велигденски обичаи – фарбање јајца | Ia | Ленче Танчева | / |

### *4.4. Проект за училишен спорт*

Во учебната 2017/18 година во периодот од март до мај во училиштето се реализираше проектот Фудбал во училиште, поддржан од Федерацијата на училишен спорт на Македонија цо соработка со Фудбалска Федерација на Македонија. Училишен координатор на проектот беше наставникот по Физичко и здравствено образование Трајче Орешков. Во проектот учествуваа ученици од II до V одд. кои се натпреваруваа во две категории со мешани тимови. Се одиграа два круга, секој круг по 12 натпревари, а победниците од секоја категорија (од II и III одд. беше IIIа, а од IV и V победник беа учениците од IVа) учествуваа на завршен турнир во Кавадарци.

Проектот има повеќе цели:

- Анимација на учениците од II до V одд. и нивно учество во организиран систем за континуирано натпреварување;

-активно вклучување и земање учество во организирање и водење на своите екипи на наставниците од одделенска настава;

- стекнување на натпреварувачки и победнички фер-плеј дух, учење и стекнување на фудбалски вештини и навики кај учениците;

- социјализација, масовност, дружење, комуникација и стекнување желба за спорт и спортски активности како и развој на психомоторни способности кај учениците и др.

## 5. *Останати активности во училиштето*

Во месец октомври беше одбележана Детската недела со прием на првачињата во Детската организација со кратка свченост и делење на вредносни маркици, посета на институции и сл.

На 10.10.2017 година на Градскиот плоштад во Кавадарци се одржа Саем за вонучилишни активности во организација на Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво на град Кавадарци, на кој присуствуваа ученици од ООУ „Пере Тошев“.

За денот на општината 17 декември Градоначалникот на Општина Росоман додели награди за ученици кои се истакнуваат со својот успех и талент.

Во декември во училиштето своја презентација имаше инспектор за превенција од од Кавадарци на тема Заштита од употреба на пиротехнички материјали, а ученици од училиштето присуствуваа на показна вежба „Симулација на повредени од петарди“ на 20.12.2017 год. на Градскиот плоштад во Кавадарци.

Нова Година во ООУ „Пере Тошев“ се одбележа со одделенски приредби и една свечена училишна приредба во која учествуваа ученици од прво до деветто одделение. Во подрачното училиште во с.Сирково исто така се одржа новогодишна приредба во која учествуваа сите ученици.

На 14.04.2018 год. училиштето беше домаќин на Средба на училишта кои ги носат имињата на Илинденските великани- ООУ „Гоце Делчев“ - Љубанци, ООУ „Никола Карев“ - Крушево, ООУ „Даме Груев“ - Градско и ООУ „Ѓорче Петров“ – Скопје. На средбата, на која ѝ претходеа ликовен и литературен конкурс, присуствуваа повеќе ученици и нивните ментори, како и иницијаторот на средбата – писателот Живко Андреев.

Патрониот празник беше одбележан на 04.05.2018 година со повеќе активности. На почетокот се одигра финалето на класното првенство во фудбал. На учениците кои со своите успеси го промовираат училиштето им беа доделени пригодни награди и признанија. Во продолжение следеше приредба, а награда оваа учебна година од завршното IX одделение му беше доделена на ученикот Бранко Арсов.

Во месец мај училиштето го посетија повеќе средни училишта од Р.Македонија кои пред учениците од IX одд. одржаа свои презентации и претставување на програмите и условите, а ученици од IX одд. присуствуваа на два отворени денови организирани од средните училишта Коле Неделковски од Велес и Ќиро Спанџов-Брко од Кавадарци.

До крајот на учебната година редовно се изведуваа родителски средби, одделенски и наставнички совети, а некогаш и по потреба.

### 5.1. *Здравствена заштита на учениците*

Во делот на здравствената заштита, на почетокот на учебната година извршено е осигурување на учениците по желба. Редовно се вршат хигиенските прегледи како и

одржување на општата хигиена во училницата. Во месец мај беа извршени систематски прегледи за учениците од прво, трето, петто и седмо одделение од страна на Медицински центар – Кавадарци. Во соработка со Медицински центар – Кавадарци беа извршени предавања и едукативни работилници за заштита на забите, стоматолошки прегледи според нивната програма за работа.

ООУ „Пере Тошев“ – Росоман, беше дел од истражување „Однесувањата поврзани со здравјето кај децата од училишна возраст“ кое е дел од компаративна студија која секоја четврта година се спроведува во 48 земји од Европа, Северна Америка и Канада во соработка со Светската Здравствена Организација. Испитаниците беа ученици од 11 и 13 години, од V-VI и VIII одд. Истражувањето во мај го спроведе училишниот психолог.

### *5.2. Работа на стручните активи во училиштето*

Стручните активи се состануваа во текот на учебната година по потреба и според планот за работа на стручните активи, а своите активности ги заведуваат во посебни записници.

### *5.3. Одбележување на значајни датуми и настани во училиштето*

Во учебната 2017/18 година, во ООУ „Пере Тошев“ Росоман, одбележани се следните датуми:

- 8ми септември
- 11 октомври
- 23 октомври
- 8ми декември
- 17 декември – Ден на општината, кога од страна на Градоначалникот на Општина Росоман беа наградени ученците кои се истакнуваат со својот успех и талент
- Приредба за Нова Година
- 01 април, денот на шегата беше одбележан со дефиле на маски
- 21 март – денот на пролетта беше одбележан со повеќе активности
- Велигденски базар, на кој ученците ги продаваа своите изработки
- 22 април – Ден на планетата Земја
- Одбележан патрониот празник на училиштето со културно-уметничка програма и доделување на награди на истакнатите ученици

### *5.4 Реализрани екскурзии и излети*

Ученичките екскурзии и излети се организираат за проширување и продлабочување на знаењата и умеењата на учениците. На ниво на училиште во оваа учебна година беа реализирани предвидените наставни екскурзии и излети, за кои беа доставени програми шред почетокот на учебната година и беа предвидени со Годишната програма за работа на училиштето.

## *6. Извештаи од работата на директорот, стручните соработници и Училишен одбор*

### *6.1. Извештај од работата на директорот на училиштето*

Во ООУ „Пере Тошев“ Росоман функцијата Директор на училиштето оваа учебна година ја извршуваа Мирјана Димова, до 27.11.2017 и Анета Јоновска-Љубенова од 27.11.2017 год.
Директорот работата ја остваруваше во рамките на законите, задачите и надлежностите кои се утврдени со Статутот и актите на Установата.
Директорот своите работни задачи ги насочуваше кон целосно реализирање на програмските задачи, ја организираше и координираше целокупната воспитно – образовна дејност во училиштето.
Главна цел на директорот во основното училиште во поглед на персоналот беше поттикнување на одговорност на кадарот кон одговорно однесување кон работата, овозможување на стимулативни активности со децата и изразување на креативноста, подобрување на условите за престој на децата во училиштето, создавање на позитивна работна клима во колективот, поттикнување и давање поддршка на тимска работа. Во својата работа директорот стави акцент на градењето на партнерски однос и релации помеѓу семејствата на децата, локалната самоуправа, Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, основните училишта на ниво на држава и пошироко, предучилишните установи , партнерство со стручни институции и др.
Директорот го водеше училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставната и целокупното работење на училиштето.

Извештајот за работата на Директорот претставува интегрален дел од Извештајот за работата на училиштето.

Работата на директорот на училиштето се реализираше во рамките на шест програмски подрачја, испланирани со Годишната програма за работа:

- **Планирање и програмирање**
- **Организирање**
- **Раководење**
- **Евалуација и истражување**
- **Педагошко-инструктивната работа**
- **Други работи и работни задачи**

***Во подрачјето Планирање и програмирање се реализираа следниве активности:***

- Изработка на Годишната програма за воспитно-образовната работа на училиштето во 2017/2018 година, поставување на приоритети, цели, активности за оваа учебна година;
- Изработка на Програма за работа на директорот на училиштето.
- Изготвување на распоред на училиштето и распоред на дежурни наставници;
- Изработка на програма за работа на Наставничкиот совет и програмата за работа на Одделенскиот совет;
- Изработка на проширена програма;
- Планирање на стручно усовршување на наставниот кадар;
- Распределба на часовите, формирање на паралелки за прво и шесто одделение, и други задолженија на наставниот кадар;
- План за уредување на училиштето и училишниот двор;
- План за финансиско работење и план за јавни набавки ;
- Листа на приоритети за набавка на нагледни средства, стручна литература и други материјали во учебната година;
- Листа на приоритети за набавка на потребни хигиенско-технички средства и други материјали;
- Завршување на Годишниот извештај за учебната 2017/2018 година;
- Анализа на постигнувањата од претходната учебна година;

***Во подрачјето Организирање се реализираа следниве активности:***

- Организирање на активностите по повод одбележување на Денот на училиштето, активности од општествено-хуманитарен, натпреварувачки, забавен и ревијален карактер;
- Организирање на работата на стручните активи;
- Определување на распоред на работата: распоред на часови за наставата, додатна и дополнителна настава и воннаставните активности и другите активности;
- Организирање на материјалното, финансиското и административно-техничкото работење на училиштето;
- Организирање на процес на следење и евалуација на наставниот процес.

## ***Во подрачјето Раководење се реализираа следниве активности:***

- Донесување кадровски решенија и одлуки;
- Донесување одлуки во врска со инфраструктурни зафати;
- Донесување одлуки за подобрување на внатрешен ред и дисциплина во училиштето;
- Донесување одлуки во однос на секојдневно работење и функционирање на училиштето;
- Планирање, реализација и раководење со одделенскиот и наставничкиот совет.

***Во подрачјето Евалуација и истражување се реализираа следниве активности:***

- Преглед и анализа на годишните глобални и тематските планови за работа на наставниците, додатна, дополнителна, мултикултурализам, ИКТ, слободни активности, еко содржини;
- Преглед и анализа на годишните планови за работа на стручните соработници;
- Преглед и анализа на дневни подготовки на наставниците според планот за евалвација на подготовките;
- Следење на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности;
- Следење на работата на администртивно-техничкиот персонал;
- Следење на редовноста и дежурствата на вработените;
- Следење на работата на стручните активи. Развивање на педагошка флексибилност меѓу стручните активи за примена на активни методи на работа во наставата;
- Следење на реализација на годишната програма (сите подрачја и програмски содржини).

***Во подрачјето Педагошко инструктивна работа се реализираа следниве активности:***

- Индивидуална педагошко-инструктивна работа со наставниците и наставниците почетници;
- Соработка со учениците и Ученичката заедница;
- Соработка со локалната самоуправа, родители, МОН, БРО, ДИЦ, невладини организации, медиуми;
- Увид во годишните и тематските планирања за работата на наставниците, давање насоки на наставниците;
- Преглед на матичните книги, одделенските дневници и е-дневник;
- Посета и евиденција за посетените часови;
- Запознавање на вработените со законски акти, правилници, кодексот, систематизацијата и други правни акти.

***Во подрачјето Други работи и работни задачисе реализираа следниве активности:***

- Учество во работата на Училишниот одбор;
- Соработка со Советот на родителите;
- Соработка со МОН, ДПИ, ДИЦ, БРО, локалната самоуправа;
- Соработка со други училишта;
- Грижа за законското работење на училиштето при јавни набавки, организирање на екскурзии и сл.;
- Проектни активности за претставување и афирмирање на училиштето;
- Работа со ученици.

Во насока на подобрување на материјално техничките услови и оваа година успешно се реализираа следниве активности и тоа:

- Делумно се набавија нагледни средства по некои предмети;
- Набавен е училишен инвентар (клупи и столчиња);
- Направена е санација на дел од училишната зграда (сала) во ПУ Сирково.

Целокупната структура на училиштето во координација со директорот како раководен орган на училиштето, најодговорно ги вршеа работните активности за непречно и успешно одвивање на воспитно-образовниот процес и создавање позитивна клима за работа и учење, што е примарна цел на секое основно училиште.

### *6.2. Извештај од работата на училишниот педагог*

Својата програма училишниот педагог ја реазлизираше според можностите и во соработка со Директорот, наставниците, училишниот психолог, учениците и родителите.

Во месец август, 2017 година, педагогот учествуваше во изработка на сопствената годишна програма, учествуваше на Годишната програма за работа на училиштето, во организација на воспитно-образовната работа, како и пополнување и доставување на статистички извештаи во Завод за статистика – Велес, за крајот на учебната 2016/17 и почетокот на 2017/18 година. Во месец август беа формирани паралелки во I и VI одделение според одредени критериуми.

Училишниот педагог во текот на учебната година работеше и на:

-Запознавање на наставниците од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња;

-Внесување на податоци во ЕМИС;

-Прибирање на годишни, глобални и тематски планирања од наставниците, прегледување и укажување на забелешките;

- Водење на педагошка евиденција и хронолошки дневник;

- Водење на евиденција за ученици на кои се изрекуваат педагошки мерки;

- Преглед на одделенските дневници во врска со направените прозивници, распоред на часови, и планирани екскурзии и индивидуални разговори со одделенските раководители во месец септември;

- Изготвување на програма на ученичката заедница и координирање со работата на УЗ;

- Во текот на учебната 2017/18 година, од страна на педагогот Виолета Јовановска беа посетени наставници во редовна настава со извршени консултации по посетата и давање мислење за истите;

- Присуство на одделенските совети и наставнички совет, изработка на квартални извештаи, презентирање пред Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор;

- Преглед на дневни оперативни планови со укажување на забелешките;

- Испитување на логичкото читање и ракописното пишување во второ одделение, испитување на ракописното пишување латиница во трето одделение и испитување во трето одделение колку е разбран дадениот текст;

- Замена на отсутни наставници;

- Соработка со стручни институции – локална заедница, Центар за јавно здравје;

- Индивидуални разговори со ученици и родители чии деца покажуваат слаб успех;

- Соработка со Совет на родители;

-Во јуни се спроведе анкетирање на родители за изборен предмет кои ќе го изучуваат нивните деца;

- Спроведена е аналитичко-истражувачка активност- на логичко читање и ракописното пишување во второ одделение, испитување на ракописното пишување латиница во трето одделение и испитување во трето одделение колку е разбран дадениот текст .Во текот на првото полугодие се спроведе анкета за испитување на учениците при премин од одделенска во предметна настава.Целта на испитувањето е да се утврди степенот на отстапување на успехот на учениците при преминот од одделенска во предметна настава,да се утврди по кои наставни предмети се чуствуваат потешкотии во совладување на наставните содржини;

- извршен е упис на првачиња за учебната 2018/19 год., спроведена е опсервација и доставена повратна информација во форма на известување на почетокот од на јуни. Во Росоман запишани се 21 прваче, Сирково 3, Трстеник 1ученик. На ниво на училиште запишани се вкупно 25 првачиња.

### *6.3. Извештај од работата на училишниот психолог*

***- планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа***

Во месец август, училишниот психолог подготви своја програма за работа, учествуваше во подготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето.

Психологот во училиштето помагаше во реализација на вонаставните активности: анкетирање на учениците и обработка на податоци, помош при организација на натпревари, изготвување и доставување списоци за учество на натпревари, отворени денови, приредби и сл.

Во текот на целата учебна година, психологот присуствуваше на одделенските совети и наставничките совети, состаноци на стручни активи, состаноци на Ученичка заедница.

***- работа со ученици***

Во текот на целата година се следеше прилагоденоста на учениците во прво одделение и во соработка со наставниците се работеше на оптимизирање на процесот на адаптација на учениците на училишната атмосфера, според индивидуалните потреби.

Во текот на целата учебна година беа спроведувани индивидуални разговори со ученици со проблематично одесување, ученици кои имаат емоционални потешкотии, потешкотии во учењето кои се резултат на немање мотивација, интерес и сл.

На крајот на учебната година, училишниот психолог ја реализираше програмата за професионален развој на учениците со учениците од завршното IX одделение. Во текот на месеците април и мај, беше спроведено истражување за професионалната ориентација на учениците кое има за цел избор на средно училиште, врз основа на интересите и способностите на ученците кои завршуваат деветто одделение. Истражувањето се состоеше од анкетирање, тестирање и обезбедување повратна информација до учениците.

Училишниот психолог беше дел од комисијата за упис на првачиња, која во мај спроведе опсервација и упис на децата од општина Росоман кои во учебната 2018/19 год. ќе посетуваат прво одделение.

***- соработка со наставници***

Во текот на првото полугодие, на покана на наставниците, училишниот психолог посети вкупно 14 часови од редовната настава во првото полугодие, а во второ полугодие 6 часови, односно 10 посети во одделенска настава и 10 часа во предметна настава. На наставниците им беше обезбедена повратна информација.

Во текот на учебната година, училишниот психолог ги води и ажурира професионалните досиеја на наставниците, според информациите кои ги доставуваат.

***- соработка со родители***

Активностите поврзани со Програмата за советување на родители се одвиваа според предвиденото, односно по завршување на секое тромесечие, за родителите чии деца имаат по 3 или повеќе негативни оценки, или повеќе од 100 оправдани изостаноци, односно 10 неоправдани изостаноци.

Училишниот психолог присуствуваше на родителски средби, на барање на класните раководители, континуирано водеше разговори и консултации со родителите за проблеми кои ги засегаат учениците и/или родителите, а се поврзани со училиштето.

***- аналитичко - истражувачка работа***

Психологот, заедно со училишниот педагог, ги подготвува и презентира извештаите за првото и третото тромесечие, како и полугодишниот и годишниот статистички и текстуален извештај за работата на училиштето.

Психологот на училиштето во месец мај спроведе истражување – Однесувањата поврзани со здравјето кај децата од училишна возраст. Оваа активност беше дел од меѓународна студија и беше спроведена по еднодневна обука на училишниот психолог на која беа дадени насоките за реализација.

***- соработка со локалната заедница***

Во текот на целата учебна година, училишниот психолог комуницира и доставува податоци до сите релевантни институции. Остварува соработка со Министерство за внатрешни работи – ПС од ОН Кавадарци, ЈЗУ Општа болница – Кавадарци, Биро за развој на образованието, ДПИ, со локална самоуправа на општина Росоман, како и со невладини организации. Училишниот психолог остварува успешна соработка со стручни соработници од општина Кавадарци и присуствува на состаноци.

***- лично стручно усовршување***

Во текот на учебната 2017/18 година, психологот присуствуваше на сите одржани менторски средби во рамки на Проектот „Со читање до лидерство“, како и на мрежен настан во рамки на истиот проект.

### *6.4. Извештај од работата на Училишен одбор*

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор, составен од 9 члена согласно Законот за основно образование. Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во училишниот одбор ги именува и ги разрешува Наставничкиот совет. Претставниците од Основачот ги именува и разрешува органот на Локалната самоуправа. Претставникот од Министерството за образование и наука го именува и разрешува МОН на Р.М. Претставниците на родителите ги избира и разрешува Советот на родители при училиштето. Мандатот на членовите трае 3 години. Мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години. Одлуките на Училишниот одбор се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

Училишниот одбор ги извршува своите обврски во својата работа со одредено темпо и потреба за свикување на состаноците, предвидени со Годишната програма за работа, но и по потреба.

Во текот на учебната 2017/2018 година, одржани се 6 состаноци и извршени се следните активности на УО:

**Август** -Разгледување и усвојување на Предлог годишна програма за работа на училиштето; Разгледување и усвојување на Самоевалуација на училиштето; Разгледување и усвојување на Програма за развој на училиштето за период од 2017-2020г.

**Септември** –разгледување на приговори и жалби на вработените во училиштето

**Јануари –** разгледување на документите од објавен оглас и дава мислење за пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите на конкурсот и го доставува до директорот; Разгледување на приговори од наставници;

**Февруари** – Анализа на полугодишниот извештај за успехот, редовноста и поврдрнието на учениците; Разгледување и усвојување на Правилник за пофалување, наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците; Разгледување на пристигнати приговори; Разгледување и усвојување на Годишниот план за јавни набавки; Донесување одлука за патни трошоци на наставниците; Анализа на извештајот од спроведен попис во училиштето; Разгледување на предлози од родителите за користење на спортската сала; Донесување одлука за формирање комисија за изведување на ученички екскурзии и излети;

**Февруари –** Разгледување и усвојување на финансиски извештај (завршна сметка); Формирање комисија за изведување на ученички екскурзии и излети; Разгледување и узвојување на измени во правилникот за систематизација; Разгледување на молби по распишан оглас за хигиеничар во ПУ Манастирец; Донесување одлука за распишување оглас за директор;

**Мај** – Разгледување на пристигнати молби за работно место директор;

**Мај –** Интервју со кандидати кои ги исполнуваат условите за избор на директор; Доставување на предлог до Градоначалникот на општина Росоман за избор на директор.

Изработка: Директор

Виолета Јовановска –
училишен педагог М.П. ______________________
Анита Јованова – Петрова –
училишен психолог Анета Јоновска-Љубенова